

# ЗНМ со поддршка за штрајкот на весниците од МПМ: Без социјална сигурност на новинарите не може да има слобода на медиуми

07/02/2017 - 8:58 ВЕСТИ, ГРАЃАНИ

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) се солидаризира со барањата на новинарите на трите весника на издавачот „Медиа принт Македонија“ веднаш да се исплатат заостанатите плати за декември и јануари и хонорарите на дописниците.

Од ЗНМ ја поддржуваат одлуката на штрајкувачкиот одбор на новинарите на „Дневник“, „Утрински“ и „Вест“ да стапат во штрајк ако најдоцна до 15 февруари не се исплатат заостанатите плати.

„Без социјална сигурност на новинарите не може да има ниту слобода на медиуми, која е предуслов за функционална демократија. Ги повикуваме сопствениците и менаџментот на МПМ сериозно да се зафатат со решавање на проблемите и да ја прекинат агонијата во компанијата. Недозволиво е весниците и новинарите да се претворат во заложници на дневно-политички интереси“, соопштуваат од ЗНМ.

Единствено трајно и одржливо решение за состојбата во МПМ, според ЗНМ, е да се ослободат весниците од партиската контрола.

„Иднината на весниците треба да се бара преку враќање на довербата кај читателите и огласувачите“, констатираат од Здружението на новинари.

1 0

## МОЖЕ ЌЕ ВЕ ИНТЕРЕСИРА

СЛУШАЈ РАДИО МОФ

ПОПУЛАРНО


Реакција на Средношколски пленум: Додека сме на училиште, не сме ваша сопственост


Лавина реакции и осуди за говор на омраза по нападот на новинарите од А1он


[Став] Што губиме кога даваме награди на луѓето како Кејси Афлек


Студенти повикуваат на протест за „унитарност на државата“, денеска се собираат пред студентскиот „Кузман“


[Видео] Средношколци натерани на бојкот, додека надвор ги чекале новинари за сликање

НОВО ЗА ВАС

LAJME NË GJUHËN SHQIPE

03/03/2017
Полски европратеник: Жените треба да бидат помалку платени бидејќи се помали, послаби и помалку паметни

03/03/2017
Млади бендови ќе можат да настапуваат на Егзит, пријавување до 25 март